# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **27.08.2013 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 7 – 2013 год.** |

Август 2013

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за избор на командир на полициска станица од општа надлежност во Македонски Брод**

Се објавува **Решението за избор на командир на полициска станица од општа надлежност во Македонски Брод,** што е донесено од страна на Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

*Врз основа на член 36 став 1 точка 12 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 24 од Законот за полиција (Сл.Весник на РМ бр.114/06) и Предлог-листата на кандидати за избор на командир на полициската станица од општа надлежност во општина Македонски Брод доставена од Министерот за внатрешни работи,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година го донесе следното*

## *Р Е Ш Е Н И Е*
## *За избор на командир на полициската станица од општа надлежност во Македонски Брод*

*1.За командир на полициската станица од општа надлежност во Македонски Брод е избрано* ***лицето Влатко Гоце Маџоски*** *,државјанин на Рпублика Македонија,македонец,роден на ден 09.04.1979 година во Македонски Брод со постојано место на живеење во Македонски Брод на Ул.Илинденска бр.14 со завршено Високо образование-Правен факултет и со работно искуство од 14 години во полиција.*

*2.Ова решение да се достави до именованиот,до Министерот за внатрешни работи на Република Македонија и до архивата на општина Македонски Брод.*

*3.Ова решение влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.*

### *О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 24 од Законот за полиција (Службен весник на РМ бр.114/06) Министерот за Внатрешни работи на Република Македонија до Советот на општина Македонски Брод достави Предлог-листа на кандидати за избор на командир на полициската станица од општа надлежност во општина Македонски Брод.На Предлог-листата беа утврдени тројца кандидати по следниот редослед и тоа:1.Влатко Маџоски од Македонски Брод; 2.Енвер Саитоски од Пласница и 3.Живко Мургоски од Прилеп.Советот на општина Македонски Брод од утврдените тројца кандидати со осум гласови »за«* од вкупно *11* советници го избра лицето *Влатко Маџоски од Македонски Брод.*

**Бр.07-673/3**
**22.08.2013 год.**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за разрешување и именување на членови во Управни одбори во јавните установи и служби кои се основани од Советот на Општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за разрешување и именување на членови во Управни одбори во јавните установи и служби кои се основани од Советот на Општина Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа ( Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За разрешување и именување на членови во Управни одбори во јавните установи и служби кои се основани од Советот на Општина Македонски Брод**

1.Се разрешуваат досегашните членови во Управни одбори во јавните установи и служби именувани од страна на предходниот состав на Советот на Општина Македонски Брод поради истекот на мандатот и се именуваат нови членови тоа како следува/

-**Во Општинското основно училиште Св,,Климент Охридски,,- Македонски Брод за членови во Училишниот одбор се именуваат лицата**

1. Сузана Филипоска
2. Маја Србиноска Костадиноска

-**Во Општинско средно училиште Св..Наум Охридски,, Македонски Брод за членови во Училишниот одбор се именуваат следните лица**

1. Николче Здравески
2. Љупче Михајлоски
3. Јовица Блажески

-**Во општинска јавна установа Дом на култура Македонски Брод за членови во Управниот одбор се именуваат следните лица,**

1. Сузана Грозданоска
2. Вања Маџоска
3. Деан Јованоски
4. Татјана Велкоска Ристески

-**Во општинска јавна установа детска градинка ,,7-ми септември,, -Македонски Брод за членови во управниот одбор се именуваат следните лица**

1. Драгана Златеска
2. Даниела Станоеска
3. Гордана Војнеска

**- Во ЈП,,Водовод и канализација,,-Македонски Брод за членови во Управниот одбор се именуваат следните лица/**

1. Зоран Новески
2. Јован Стојаноски
3. Стојанче Петрески
4. Жарко Милески
5. Милан Трпески

2.Именуваните членови во Управните одбори во јавните установи и служби основани од Советот на општина Македонски Брод имаат мандат од четири години а именуваните членови во општинско основно училиште со манадат од три години.

3.Постапката за изменување и дополнување на оваа одлука е иста како и за нејзино донесување.

4.Оваа одлука влегува во сила со осмиот ден од денот на објавување во Сл.Гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 673/4**
**22.08.2013 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место - индустриска зона на м.в „Должина„ за КО Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за изработка на Урбанистички план вон населено место – индустриска зона на м.в „Должина„ за КО Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст („Сл.весник на РМ “60/11) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 22 август 2013 година донесе:

# О Д Л У К А
## За изработка на Урбанистички план вон населено место -индустриска зона на м.в.„Должина“ за КО Македонски Брод

1.Се донесува Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место (УПВНМ)-индустѕриска зона на м.в.„Должина“ во Македонски Брод. Во опфатот ќе влезат КП бр.1639, 1640, 1643, 1644, 1645, 1646,1647,1648,1649,1650 и 1651 за КО Македонски Брод со намена на опфат:

1.1.Г-2 лесна и незагадувачка индустрија,
1.2.Г-3 сервиси
1.3.Г-4 стоваришта и
1.4.Е-2 комунална супраструктура (бензиски пумпни станици и услужни центри)

2.Урбаниститјки план вон населено место согласно член 13 од законот за просторно и урбанистичко планирање се донесува по потреба за плански опфат за подрачје од рурален карактер.Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот какао и услови за градење на градби вон градот и другите населени места. Овој УП се изработува врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно законската процедура и изработена и усвоена Планска програма.

3.Оваа Одлука е составен дел Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2013 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-893/7 од 29.11.2012 година .

4.Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 673 /9**
**22. 08. 2013 год.**
**Македонски Брод**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Македонски.Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на чл.16 т.1 и т.4 и чл.17 од Законот за основно образование (Сл.Весник 103/08),а врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22 август 2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За отварање на петтолетка во подрачното училиште на ООУ„Климент Охридски„ во село Косово - Македонски Брод**

1. Согласно ЗАКЛУЧОКОТ да се отвори петтолетка во подрачното училиште во село Косово во состав на ООУ„Климент Охридски„- Македонски Брод .
2. Став 1 поради 4 ученици од ова село кои патуваат во Самоков.

**3.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 673/10
22.08.2013 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставеното барање 07 – 636 од Ликовна графичка колонија, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод по барањето поднесено од Ликовна Графичка колонија – М.Брод, донесе заклучок за едногласно неприфаќање на поднесеното барање бидејќи за истата како покровител е Министерството за култура на РМ .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 673/5**
**22.08.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод на Столески Драган од село Требино-Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година донесе

# О Д Л У К А
## За одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод

### Член 1

Согласно оваа Одлука на СТОЛЕСКИ ДРАГАН од село Требино - Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во износ до 10.000,00 денари за изградба на потпорен ѕид и набавка на цевки Ф-100 од страна на општината по утврдена предмер –пресметка од одделението за урбанизам и заштита на животната средина за уредување на одводна канализација, а работите на лице место ќе ги изведат корисниците.

### Член 2

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината .

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 673/6**
**22.08.2013 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за приклучок на регионален водоснабдителен систем Студенчица**

Се објавува **Одлуката за приклучок на регионален водоснабдителен систем Студенчица по барање од жители од село Русјаци,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по поднесено барање на жители од с.Русјаци, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година

# О Д Л У К А

**За приклучок на регионален водоснабдителен систем Студенчица**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се одобрува приклучок на водоснабдителен систем Студенчица за изградените викендички во непосредна близина на системот .

**Член 2**

Приклучокот да се изведе директно на региналниот водовод Студенчица.

**Член 3**

Изведувањето на градежните работи и сите финансиски трошоци во врска со приклучоците ќе ги спроведат самите баратели.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 673 /7**
**22.08.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за именување на претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата –Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за именување на претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата –Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1, т.15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.02/05 ) и член 412 и 414 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ( Службен весник на РМ бр.54/07, 86/08 и 98/08 ) и член 51 од Статутот на општина Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За именување на претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Македонскки Брод**

1. За претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Македонски Брод се именуваат /

**1.Ивица Кузманоски – Претседател**
**2.Горан Трајаноски - член**
**3.Љупчо Најдоски - член**
**4.Ивица Алексоски - член**
**5.Златко Алексоски – член**

2. Мандатот на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Македонски Брод трае 4 години со право за повторен избор.

3.Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 673 / 8**
**22 август 2013 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за климатизација на општинска сала за состаноци,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година.

Бр.08- 673/12
27.08.2013 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.08.2013 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за климатизација на општинската сала за состаноци .

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 673/11**
**22.08.2013 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за објавување на Решение за избор на командир на полициска станица од општа надлежност во Македонски Брод ..................................................................... стр. 2

Решение за избор на командир на полициската станица од општа надлежност во Македонски Брод ...................................................................................................... стр. 3

Заклучок за објавување на Одлуката за разрешување и именување на членови во Управни одбори во јавните установи и служби кои се основани од Советот на Општина Македонски Брод ...................................................................................................... стр. 4

Одлука за разрешување и именување на членови во Управни одбори во јавните установи и служби кои се основани од Советот на Општина Македонски Брод .......... стр. 5

Заклучок за објавување на Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место – индустриска зона на м.в.„Должина“ за КО Македонски Брод .......... стр. 7

Одлука за изработка на Урбанистички план вон населено место – индустриска зона на м.в.„Должина“ за КО Македонски Брод ..................................................................... стр. 8

Заклучок за отварање на петтолетка во подрачното училиште на ООУ „Св.Климент Охридски“ во село Косово – Македонски Брод ............................................................ стр. 9

Заклучок ........................................................................................................ стр. 10

Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ....................................................................... стр. 11

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ...................................................................................................... стр. 12

Заклучок за објавување на Одлуката за приклучок на регионален водоснабдителен систем Студенчица ...................................................................................................... стр. 13

Одлука за приклучок на регионален водоснабдителен систем Студенчица .... стр. 14

Заклучок за објавување на Одлуката за именување на претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Македонски Брод ...................................................................................................................... стр. 15

Одлука за именување на претседател и членови на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Македонски Брод ...................................... стр. 16

Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ....................................................................... стр. 17

Одлука за одобрување на финансиси средства од Буџетот на Општина Македонски Брод ...................................................................................................................... стр. 18